АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 13.04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1916 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово

3. **Период опфатен со надзорот:** 14 март 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 април 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)

   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

   ***Забелешка:*** *член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците) не е предмет на надзор во овој извештај поради преклопување со периодот за контролен надзор по овој основ по изречена мерка опомена. Од контролниот надзор ќе произлезе посебен извештај.*

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван на 14 март 2018 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 14 март 2018 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на

аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**14.03.2018**

| **Наслов на емисија** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | |
| „Mengjesi me ne" Утринска програма | 03:31:43 | 04:46:23 | Секоја од наведените емисии не ги содржи податоците од член 14 од Законот за медиуми на одјавната шпица. Без податоци за авторот, сни576ателот, монтажата итн. |
| „Pasdite me ju" Попладневна програма | 04:50:14 | 06:41:18 | |
| Вести во Утринска програма „Mengjesi me ne" | 08:08:42 | 08:30:42 | |
| „Shtegëtim" | 16:30:32 | 17:10:18 | |
| Вести - Глас на Америка (VOA Zeri Amerikes) | 18:00:10 | 18:29:51 | |
| „Kaleidoskop" | 20:14:37 | 20:25:53 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, на 14 март 2018 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***